# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА

## ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА И ЕФЕКТИТЕ НА СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ

*јануари – декември 2021*



СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

# ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА

## ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА И ЕФЕКТИТЕ НА СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ

*јануари – декември 2021*

Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
EUROTHINK CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
eurothink.mk

**ИЗВЕШТАЈ ВО СЕНКА ОД СЛЕДЕЊЕТО НА РАБОТАТА И ЕФЕКТИТЕ НА СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2021**

Издавач:
Фондација Отворено општество – Македонија

За издавачот:
Фани Каранфилова – Пановска, извршна директорка

Автори:
Сабина Факиќ
Александар Колекески, за основните информации за програмирање на ИПА 3 (2021-2027)
Ирина Јолевска, за родовата перспектива во секторските работни групи

Уредници:
Данче Даниловска – Бајдевска
Нада Наумовска
Сандра Анастасовска Кузмановски

Графичка подготовка:
Кома

Лектура:
Елеонора Стојкоска-Попетревска

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

339.137.2(497.7)"2021"(047)
001.895(497.7)"2021"(047)

ФАКИЌ, Сабина
Извештај во сенка од следењето на работата и ефектите на секторската работна група за конкурентност и иновации [Електронски извор] : јануари - декември 2021 / [автори Сабина Факиќ, Александар Колекески, Ирина Јолевска]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2022

Начин на пристапување (URL): https://eur01.safelinks.protection.outlook.com/?url=https%3A%2F%2Fwww.dijalogkoneu.mk%2F&data=05%7C01%7C%7Cb53f04fef0ff4f5d238308da2cecb8c7%7C6dd6692964ee4888a65ab847baf12c47%7C0%7C0%7C637871692593591599%7CUnknown%7CTWFpbGZsb3d8eyJWIjoiMC4wLjAwMDAiLCJQIjoiV2luMzIiLCJBTiI6Ik1haWwiLCJXVCI6Mn0%3D%7C2000%7C%7C%7C&sdata=IpIpphRTRaXp4a3qh6ph87%2BvagHh9KJHsf0%2BnInMho4%3D&reserved=0. - Текст во PDF формат, содржи 42 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 03.05.2022. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 42

ISBN 978-608-218-379-4

1. Колекески, Александар [автор] 2. Јолевска, Ирина [автор]
а) Иноваторство -- Македонија -- 2021 -- Извештаи б) Конкурентност -- Македонија -- 2021 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 57238533

---

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондацијата Отворено општество – Македонија, Центар за европски стратегии – Евротинк, Реактор – Истражување во акција и Центар за граѓански комуникации и не нужно ги одразува ставовите на Европската унија.

# СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | ПРЕДГОВОР | 5 |
| | ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ | 9 |
| | МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП | 11 |
| **ДЕЛ 1:** | **СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ** | **15** |
| **ДЕЛ 2:** | **ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СРГ** | **19** |
| | 2.1 Деловник за работа | 19 |
| | 2.2 Годишен план | 20 |
| **ДЕЛ 3:** | **ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО** | **23** |
| **ДЕЛ 4:** | **КАПАЦИТЕТИ НА ГО** | **25** |
| **ДЕЛ 5:** | **ЕФЕКТИ ОД РАБОТАТА НА СРГ** | **27** |
| **ДЕЛ 6:** | **ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ ИПА 3 (2021 2027)** | **31** |
| | 6.1 Програмирањето на ИПА 3 (2021-2027) во рамките на секторот конкурентност и иновации | 32 |
| **ДЕЛ 7:** | **РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА ВО СЕКТОРСКИТЕ РАБОТНИ ГРУПИ** | **35** |
| | ФИНАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ | 39 |
| | КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ | 39 |



# ПРЕДГОВОР

Подготовката на Извештаите во сенка за следење на работата и ефектите од секторските работни групи за 2019, 2020 и 2021 година се спроведе под хипотезата дека секторските работни групи се значајни тела одговорни за креирање и мониторинг на секторските политики во Република Северна Македонија, како и форум за донаторската координација во поддршка на имплементација на политиките.

Секторскиот пристап беше нотиран како сеопфатен принцип на ИПА 2 преку кој се оценува и  одредува нивото на кое државата се квалификува за искористување на целосна секторска поддршка, за чија цел во периодот 2015-2020 се оформија 12 секторски работни групи. Со започнување на програмирањето за ИПА 3 за периодот 2021-2027 година институциите продолжуваат со секторскиот пристап и со функционирањето на секторските работни групи.

Иако формално секторските работни групи имаат потенцијал да бидат креатори на секторските политики, наодите од мониторингот на СРГ во 2021 укажуваат на уназадување во однос на функционалноста, учеството на граѓанските организации и ефектите од работата на СРГ. Благо подобрување се нотира во однос на транспарентноста на работењето со оглед на тоа дека институциите одговориле на повеќе од 85% од барањата за информации од јавен карактер, што е за 4 % повеќе од 2020 година. Отвореност се нотира и во зголемената комуникација со оглед дека во 2021 година претставници на сите 12 секторски работни групи ја прифатија поканата за интервјуа со проектниот тим што ја следи работата на СРГ.

Преку анализа на состаноците на секторските работни групи, 251 одговор од институциите преку алатката пристап до информации од јавен карактер, 12 интервјуа со ИПА-координатори и разговор со 26 граѓански органи-

зации вклучени во секторските работни групи, ги издвојуваме следниве клучни наоди од мониторингот на СРГ за 2021 година:

- Во 2021 година се одржале вкупно 11 пленарни состаноци на Секторските работни групи и 8 оперативни состаноци, што е намалување во однос на 2020 година, кога вкупно се одржале 19 пленарни состаноци и 21 оперативен состанок.
- Ниту една од 12-те секторски работни групи не го исполнила зададениот минимум за одржување на бројот на годишни пленарни состаноци според својот деловник или нацрт-деловникот, додека 4 секторски работни групи[1] не одржале ниту еден пленарен состанок.
- Во пет СРГ од вкупно дванаесет секторски работни групи граѓанските организации воопшто не учествувале во 2021 година. Во четири секторски работни групи граѓанските организации не учествувале поради тоа што не се одржал состанок, а во една СРГ поради тоа што не биле поканети граѓански организации[2].
- Секторските работни групи кои имале пленарен состанок на кои биле поканети граѓанските организации не ги ажурирале целосно податоците за претставниците на граѓанските организации, па дел од нив биле испратени на погрешни или на непостојни адреси, со што дополнително се намалува просторот за граѓанско учество.
- И покрај тоа што ИПА 3-регулативата предвидува граѓанските организации да имаат простор за суштинско учество во програмирањето и секторските политики, во пракса недостига простор за суштинска вклученост на граѓанските организации за време на пленарните состаноци и вклучување претставници на граѓанските организации на оперативните состаноци на СРГ.
- Иако донаторската координација се предвидува да се организира како дел од секторските работни групи, сепак преку мониторинг-алатките не се нотирани содржини во агендата на состаноците на СРГ, кои во 2021 година биле фокусирани на донаторска координација.

1 Правда; Реформа за јавна администрација; Интеграција на Роми и Внатрешни работи

2 СРГ Конкурентност и иновации

Според мониторинг на состојбата, во 2021 година сепак се преземаа охрабрувачки чекори, кои го зајакнаа структурниот дијалог. Секретаријатот за европски прашања (СЕП) го започна процесот на промена на деловниците со цел да се подобри севкупната работа на секторските работни групи и да се уреди учеството на граѓанските организации и донаторите. На интервјуата претставниците на институциите истакнаа дека се отворени за промена на деловниците во кои ќе се регулира подетално и учеството и улогата на граѓанските организации. Во 2022 година се очекува да се подобри предвидливоста на динамиката и функционалноста, со што ќе се креира календар на состаноците на сите СРГ, ќе се објават фазите на следното ИПА-програмирање, како и релевантните документи за секторските политики. Од разговорите со граѓанските организации јасно се наведе барањето за учество на ниво на техничките состаноци со цел тие да бидат вклучени во сите фази на развивање и носење на политиките.

## КАКО ПОНАТАМУ?

СЕП треба итно да пристапи кон консултации за новите деловници на СРГ, кои мора да содржат одредби преку кои ќе се подобри суштинското учество на ГО, пред сè, преку достапност до материјали и до информации од оперативен карактер, како и преку одржување воведни обуки за новите претставници заради темелно разбирање на процесот на секторските политики и ИПА- програмирањето. Ваквите обуки треба да се однесуваат и на претставниците на ГО во Секторските мониторинг-комитети. Новите деловници треба да ја прецизираат и постапката за избор и работа на претставниците на ГО, вклучително и начинот на консултации со поширокиот граѓански сектор. Доследно да се реализираат плановите за подобрување на вклученоста, предвидливоста на работата и транспарентноста на секторските работни групи.



# ВОВЕДНИ ИНФОРМАЦИИ

## СРГ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ

**ФОРМИРАНА ВО:** 2015

**БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ:** Податокот не е јавно достапен, а не е обезбеден ниту преку Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГО:** 0

**БРОЈ НА ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ ВО 2021:** Еден состанок, на 9.3.2021 година

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СРГ ЗА КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ:** Заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции



# МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

За потребите на овој извештај беа комбинирани повеќе истражувачки методи за собирање, обработка и анализа на податоците. Истражувањето беше поделено на деск-истражување и теренско/онлајн-истражување.

Во рамките на деск-истражувањето беше направена детална анализа на документи, закони и стратегии што се од важност за работата на оваа СРГ *(повеќе информации видете во делот **користени материјали**)*. Покрај тоа, беа поднесени **барања за информации од јавен карактер** до кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања како надлежни за работата на оваа СРГ. Одговорите беа добиени по доставена жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Што се однесува до теренскиот/онлајн дел на истражувањето, се спроведе **интервју**[3] со координаторот од страна на државните службеници од кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, како и разговор со претставници на стопанските комори.

Според методологијата за мониторинг, работата на секторските работни групи се следеше во рамките на пет сегменти:

- Функционалност на СРГ;
- Граѓанско учество во СРГ;
- Капацитети на ГО за придонес и учество во работата на СРГ;
- Ефекти од работата на СРГ;
- ИПА.

3 Интервјуто со ИПА-координаторот од кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања беше одржано на 20.1.2022 г.

Според методологијата за мониторинг на работата и ефектите од секторските работни групи, ефектите од работата на СРГ за овие пет сегменти ги мериме преку 31 стандард и 21 показател. Преку оценување на овие стандарди (1 е најниско ниво, 3 е највисоко ниво) го следиме напредокот во работата на 12-те секторски работни групи на годишно ниво.

Сепак за разлика од минатогодишниот извештај, во овој извештај, со оглед дека пет од дванаесетте СРГ не одржаа пленарни состаноци во текот на 2021 година, а поголемиот дел од стандардите и показателите се директно врзани со самите состаноци на СРГ, одлучивме да не ги оценуваме поединечно сегментите во рамките на извештаите. Ваквиот метод се однесува на сите СРГ, вклучително и за СРГ што одржаа пленарни состаноци во текот 2021 со цел да се запази истиот методолошки пристап за сите 12 СРГ.





# ДЕЛ 1

# СЕКТОРСКИ ПОЛИТИКИ

Националниот развоен план и Стратегијата за смарт-специјализација, според најавите, требаше да бидат изготвени до крајот на 2021 година, но и двата стратешки документа сè уште се во подготвителна фаза. Изготвувањето на Националниот развоен план беше најавено на почетокот на 2021 година, за разлика од Стратегијата за смарт-специјализација, која како сеопфатен модел за одржлив економски раст, се најавува со години и нејзиното изготвување постојано се пролонгира. Како стратешки документ релевантен за секторот, кој бил усвоен во 2021 година, може да се посочи **Стратегијата за регионален развој на Република Северна Македонија 2021-2031 година**, во која една од целите е зголемување на конкурентноста на планските региони преку јакнење на нивниот иновациски капацитет, оптимално користење и валоризирање на природното богатство, човечкиот капитал и економските особености на различните региони.

Во однос на законската регулатива, во 2021 година е усвоен Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции, а други три законски решенија се во фаза на предлози (Предлог-законот за инсолвентност, Предлог-закон за јавно приватно партнерство и Нацрт-закон за стручно образование и обука).

**Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции** вклучуваа промена во условите за доделување финансиска поддршка на компании што инвестирале во услови на ковид-19, како и за доделување дополнителна финансиска под-

дршка за компаниите што ќе реализираат инвестициски проекти во помалку развиените плански региони.

**Предлог-законот за инсолвентност** чиј нацрт-текст е исто така објавен на ЕНЕР во март 2021 година, е изготвен од страна на Министерството за економија во соработка со Меѓународната финансиска корпорација – IFC (групација на Светска банка). Со Законот треба се овозможи заштита на инвеститорите и нивните бизниси, пофлексибилна и поедноставна постапка за малите бизниси, појаснување на условите за учество на доверителите во стечајните постапки.

**Предлог-законот за јавно-приватно партнерство** е објавен на ЕНЕР во април 2021 година. Носењето нов закон во областа на јавно приватно партнерство, чиј предлагач е Министерството за економија, е образложено со потребата за транспонирање на Директивата 2014/23/ЕУ за доделување на договорите за концесија и понатамошно усогласување со најдобрите стандарди и меѓународни практики во соодветната област, односно изготвување на стабилна и конзистентна законска рамка за доделување договори за јавно-приватно партнерство, вклучително и концесиите како вид јавно-приватно партнерство.

Со оглед на тоа што образованието е дел од првиот тематски приоритет на Прозорецот 4: Конкурентност и инклузивен раст од ИПА 3 значајно е да се издвои и изготвувањето на **нацрт- законот за стручно образование и обука**, кој беше објавен на Единствениот национален електронски регистар на прописи – ЕНЕР во април 2021 година. Директната поврзаност на ова законско решение со секторот конкурентност произлегува оттаму што законот треба да овозможи стручното образование да содејствува на пазарот на трудот. За да се овозможи тоа, во Законот се уредува концептот на дуално образование, се прецизираат одредбите што се однесуваат на практичното образование, а со цел да се зголеми обемот на практично образование, особено практично образование стекнато кај работодавач, се олеснува пристапот во пост средното образование, за ученици со гимназиско образование, со изземање на постојните ограничувачки услови што важеа досега, се допрецизираат и одредбите што се однесуваат на специјалистичко образование и образование за мајстор, се врши рационализација на ресурсите на системот на стручно образование, а со цел надминување на проблемите што произлегуваат од фрагментацијата и дезинтеграцијата на установите за стручно образование и обука, кои досега ги земаа предвид тесно локалните потреби, а не регионалните.





# ДЕЛ 2

# ФУНКЦИОНАЛНОСТ НА СРГ

## 2.1 ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА

Секторската работна група за конкурентност и иновации има Деловник, но тоа е општиот Деловниот развиен од страна на Секретаријатот за европски прашања - СЕП како основа за сите секторски работни група. Деловникот на оваа секторската работна група не е јавно објавен.

Се очекува новиот деловник за работа попрецизно да ја уреди организацијата на работењето во насока на унифицирање на пристапот од страна на сите СРГ, како и дефинирање на обврските.

Врз основа на добиените информации за работата на СРГ во 2021 година може да се констатира дека СРГ за конкурентност и иновации изготвува записници од одржаните седници што не се објавуваат јавно. Записникот од одржаниот пленарен состанок на секторската работна група во март 2021 година беше обезбеден врз основа на барање за пристап до информации од јавен карактер. Сепак, мора да се забележи дека записникот е многу кус и едвај надминува една страница и во него нема информации ниту за присутните на седницата, ниту за поодделните ставови на претставниците на различните засегнати страни.

Доставувањето на записникот од одржаната седница може да се оцени дури и како напредок во однос на 2020 година, кога од Кабинетот на заменик-претседателот на Владата задолжен за економски прашања не беа доставени побараните информации.

Оваа СРГ нема решение за формирање, бидејќи е формирана во 2015 година, во организација и по иницијатива на СЕП. Од СРГ објаснуваат дека немаат посебно решение за формирање, бидејќи не се дел од Владата и затоа работат под општото решение за формирање на сите работни групи. Иако се вели дека СРГ нема фиксно утврден состав на членови од министерствата, другите државни институции и т.н. недржавни актери, сепак, според списокот на поканети на седницата одржана во 2021 година, може да се оцени дека учеството во нејзината работа е комбиниран, на ниво на лица и на институции. Па така, покрај конкретните имиња на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции и ИПА координаторот, се наведени и имиња на претставниците на Министерството за економија, Кабинетот на Претседателот на Владата, Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за европски прашања, Државниот завод за статистика, Фондот за иновации и технолошки развој, Македонската банка за поддршка на развојот, Агенција за поддршка на претприемништвото, Централниот регистар, Агенцијата за катастар на недвижности и Генералниот секретаријат на Владата. На ниво на институции се наведени стопанските комори (Стопанската комора, Сојуз на стопански комори, Стопанска комора на северозападна Македонија и МАСИТ), донаторите (Делегација на ЕУ, ГИЗ, УСАИД, СДЦ, Светска банка, ЕБРД, Амбасадите на Кралството Холандија, Швајцарија, Британија, Грција, Германија и УНДП).

## 2.2 ГОДИШЕН ПЛАН

Секторската работна група за конкурентност и иновации нема годишен план за работа за 2022 година и, според најавите од ИПА-координаторот, се предвидува тој да биде предмет на расправа на првата седница на СРГ, за која е предвидено да се одржи во првиот квартал од 2022 година.

СРГ не изготвува годишен извештај од работење во кој би се рефлектирале остварувањата.





# ДЕЛ 3

## ГРАЃАНСКО УЧЕСТВО

Скромните активности на секторската работна група за конкурентност и иновации во 2021 година, кои се сведуваат на еден онлајн пленарен состанок, не ги вклучува граѓанските организации во нивната работа. И во 2021 година остана декларативниот став за отвореноста на СРГ за граѓанските организации, иако во текот на годината не е иницирано нивно вклучување како членови и набљудувачи во групата и тие не биле поканети на единствениот одржан состанок. И во овој дел се очекува дека усвојувањето на новиот деловник за работа на секторските работни групи ќе придонесе за вклучување на ГО во работата.

Од „недржавните актери“ во работата на оваа секторска работна група, формално учествуваат претставници на 4 стопански комори и тоа Стопанска комора на РСМ, Сојуз на стопанските комори, Стопанска комора на северозападна Македонија и МАСИТ. Според достапните документи, може да се забележи дека тие биле поканети на единствениот состанок на СРГ одржан во 2021 година, но недостигаат информации дали поканетите реално и учествувале.



# ДЕЛ 4

## КАПАЦИТЕТИ НА ГО

Секторската работна група нема членови од редот на граѓанските организации за да се анализира нивниот капацитет.



# ДЕЛ 5

# ЕФЕКТИ ОД РАБОТАТА НА СРГ

Трета година по ред секторската работна група за конкурентност и иновации одржува по само еден состанок годишно, иако, согласно деловникот, треба да се одржуваат најмалку 4 состаноци годишно. Станува збор за онлајн пленарен состанок одржан на 9.3.2021 година, со единствена точка на дневен ред - презентирање на инпутите за стратешките одговори за ИПА 3 од „секторот“ за процесот на програмирање за ИПА 3-циклусот за периодот 2021 - 2027 година, Прозорец 4: Конкурентност и инклузивен раст, тематски приоритет 2: развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации. Трите дефинирани приоритети на ЕУ финансиската поддршка се:

- Подготовка на земјата за европскиот внатрешен пазар, подобрување на законската и институционалната рамка за бизнисот и инвестициите;
- Зголемување на конкурентноста на претпријатијата, засилување на извозот и диверзификацијата, економската интернационализација, со адресирање на предизвиците на циркуларната економија/зелена економија;
- Засилување на истражувањата, технолошкиот развој и иновациите.

Се оценува дека учесниците на состанокот ги поддржале решенијата во одговорите со оценката дека се тие неопходни и релевантни за земјата. На состанокот било заклучено дека инпутите за стратешките одговори ќе бидат вклучени во севкупниот документ на стратешките одговори на земјата и дека следниот состанок на СРГ ќе се одржи кон крајот на 2021 година. Вториот заклучок на состанокот не бил спроведен во 2021 година.

Во текот на 2021 година СРГ не одржала ниту еден оперативен состанок.

Причините за малата ефикасност во работењето на СРГ за конкурентност и иновации, ИПА-координаторот ги лоцира во ограничувањата наметнати од ковид-19 пандемијата и од спроведување на локалните избори.

СРГ и во 2021 година, организирајќи само еден состанок, не ги исполни очекувањата на стопанските комори дека во оваа секторска работна група треба да се дискутира за политиките и правците на поттикнување на конкурентноста и иновациите низ соработка на бизнис-заедницата, академската заедница и државните институции.

Во насока на подобрување на видливоста на работата на Секторската работна група за конкурентност и иновации, ИПА-координаторот ги повтори очекувањата и предлогот Секретаријатот за европски прашања да изготвува календар на активности на сите секторски работни групи и кај нив да се креира депозитар на документи што се релевантни за секторските работни групи.





# ДЕЛ 6

# ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ ИПА 3 (2021 - 2027)

Инструментот за претпристапна помош ИПА 3 се однесува на програмскиот период 2021-2027 година. Европската комисија го воведе овој инструмент со новата Финансиска перспектива на Европската Унија. ИПА 3 е воведена со усвојувањето на Регулативата за воспоставување на Инструментот и Регулатива со правила и принципи за спроведување на ИПА 3[4] од страна на Европската Унија, кои се поврзуваат со други фондови, програми и инструменти на Унијата, а првенствено со Инструментот за соседство, развој и меѓународна соработка[5].

Според структурата, ИПА 3 е поделена на 5 прозорци, а секој прозорец се состои од тематски приоритети:

1. **Владеење на правото, фундаментални права и демократија;**
2. **Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратешка комуникација;**

4 Regulation of the European Parliament and of the Council establishing the Instrument for Pre-accession Assistance (IPA III) COM/2018/465 final.

5 Neighbourhood, Development and International Cooperation Instrument (NDICI)

3. Зелена агенда и одржлива поврзаност;
4. Конкурентност и инклузивен раст;
5. Територијална и прекугранична соработка.

Повеќе информации за програмирањето на ИПА 3 (2021-2027) можете да прочитате во извештајот **ИПА - хоризонтално прашање**.

## 6.1 ПРОГРАМИРАЊЕТО НА ИПА 3 (2021-2027) ВО РАМКИТЕ НА СЕКТОРОТ КОНКУРЕНТНОСТ И ИНОВАЦИИ

Средствата од ИПА 3 предвидени за секторот конкурентност и иновации се дел од Прозорец 4 - Конкурентност и инклузивен раст, Тематски приоритет 2: Развој на приватен сектор, трговија, истражување и иновации. Што се однесува до акцијата „ЕУ за поволно деловно опкружување", која е предвидена за 2023 и 2024 година, сè уште не се изработени акциски фишеа, односно станува збор само за стратегиски одредници во најрана фаза, кои можат во иднина да претрпат измени.

### ТАБЕЛА 1.

*Програмирањето на ИПА 3 (2021-2027) за секторот конкурентност и иновации*

| ПРОЗОРЕЦ 4: КОНКУРЕНТНОСТ И ИНКЛУЗИВЕН РАСТ | | | |
|---|---|---|---|
| **Тематски приоритет 2:** Развој на приватниот сектор, трговија, истражување и иновации | | | |
| **Период за спроведување: 2023 и 2024 година** | | | |
| **Акција** | Проценет вкупен буџет (милиони евра) | Баран придонес од ИПА (милиони евра) | План/аранжмани за имплементација |
| **ЕУ за поволно деловно опкружување** | 12,0 | 10,0 | Директно управување |





# ДЕЛ 7

# РОДОВА ПЕРСПЕКТИВА ВО СЕКТОРСКИТЕ РАБОТНИ ГРУПИ

Интегрирањето на родовата перспектива претставува процес на проценка на импликациите по жените и мажите на секое планирано дејство, вклучително и на законодавството, политиките и програмите, во секоја област и на секое ниво.[6] Притоа, крајната цел е да се постигне родова еднаквост. Во националното законодавство на Република Северна Македонија, вклучувањето на родовата перспектива е дефинирано со Законот за еднакви можности на жените и мажите[7] и претставува обврска на сите државни органи и институции. Пропуштањето да се инкорпорира родовата перспектива подразбира носење родово неутрални или родово слепи политики кои не успеваат да ги адресираат постојните нееднаквости и можат да придонесат за продлабочување на родовите јазови.

6 European Institute for Gender Equality (EIGE), Glossary and Thesaurus, A-Z Index. Достапно на: https://eige.europa.eu/thesaurus/terms/1185?lang=mk

7 Закон за еднакви можности на мажите и жените. „Службен весник на Република Македонија“ број 6/12, 30/13, 166/14, 150/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 53/21. Член 4, став 1, точка 10.

Родовата еднаквост е една од темелните вредности на Европската Унија (ЕУ).[8] Истовремено, зачленувањето во ЕУ е условено со почитување и промовирање на овие основни европски вредности.[9] Во Инструментот за претпристапна помош 2021-2027 (ИПА 3) е предвидено дека имплементацијата на ИПА 3 треба да биде водена од принципите на родова еднаквост и зајакнување на правата на жените и девојчињата[10], во линија со и во насока на исполнување на минималните стандарди утврдени со новиот План за акција за родова еднаквост на ЕУ 2021-2025 (ГАП 3) насловен „Амбициозна агенда за родова еднаквост и зајакнување на жените во надворешната политика на ЕУ“[11]. ГАП 3 се состои од пет столба на акција, а во рамките на третиот столб предвидени се активности во шест тематски области.[12] Во рамките на ГАП 3 се рефлектирани  и целите на Стратегијата за родова еднаквост на ЕУ 2020-2025.[13] Понатаму, во ИПА 3, родовата еднаквост е вклучена како една од специфичните цели, но и како тематски приоритет за поддршка.[14] Притоа, потенцирано е дека родовата еднаквост е хоризонтална тема, која треба да биде соодветно рефлектирана и интегрирана во целокупниот процес на имплементација.[15] Целите на претпристапната помош поставени во тематскиот приоритет посветен на родовата еднаквост во ИПА 3 целосно кореспондираат со шесте тематски области предвидени со ГАП 3, што дополнително укажува на потребата од поврзување на овие два документа. Оттука, работата на секторските работни групи, како форум за меѓуресорска соработка со надлежности поврзани

8 Consolidated Version of the Treaty on European Union. Член 2. Достапно на: https://bit.ly/3s4gjyR

9 Ibid. Член 49, став 1.

10 Regulation (EU) 2021/1529 of the European Parliament and of the Council of 15 September 2021 establishing the Instrument for Pre-Accession assistance (IPA III). Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32021R1529&qid=1643627286827&from=en

11 EU Gender Action Plan (GAP) III – An Ambitious Agenda for Gender Equality and Women’s Empowerment in EU External Action. Достапно на: https://ec.europa.eu/international-partnerships/system/files/join_2020_17_en_final.pdf_

12 Ibid. Во ГАП 3 предвидени се активности поделени во следните шест тематски области: ослободување од сите форми на родово-базирано насилство, унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права, зајакнување на економските и социјалните права и зајакнување на девојчињата и жените, унапредување и еднакво политичко учество и лидерство, интегрирање на агендата за жени, мир и безбедност и предизвици и можности за зелена транзиција и дигитализација.

13 A Union of Equality: Gender Equality Strategy 2020-2025. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52020DC0152

14 Regulation (EU) 2021/1529 of the European Parliament and of the Council of 15 September 2021 establishing the Instrument for Pre-Accession assistance (IPA III). Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32021R1529&qid=1643627286827&from=en

15 Ibid.

со формулирање и имплементација на националните политики и координација за програмирање, следење и евалуација на странската помош, треба да биде водена од и усогласена со ГАП 3. Конечно, неопходно е да се има предвид заложбата на ЕУ до 2025 година, најмалку 85% од сите нови надворешни програми и проекти да ја имаат родовата еднаквост како значајна или основна цел.[16]

Значаен елемент на дефиницијата на секторскиот пристап кон интегрирањето на родовата перспектива е и градењето и јакнењето на техничките компетенции на сите вклучени во спроведувањето на секторските политики.[17] Оттука, особено значајно е и развивањето на капацитетите во оваа насока, како на креаторите на политики, така и на лицата вклучени во нивното спроведување.

Повеќе информации за родовата поставеност во СРГ може да прочитате во **Извештајот во сенка за родовата перспектива во секторските работни групи**.



16 EU Gender Action Plan (GAP) III – An Ambitious Agenda for Gender Equality and Women's Empowerment in EU External Action. Достапно на: https://ec.europa.eu/international-partnerships/system/files/join_2020_17_en_final.pdf

17 EIGE, Glossary and Thesaurus, A-Z Index. Достапно на: https://eige.europa.eu/thesaurus/terms/1359?lang=mk



# ФИНАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**1.** СРГ за конкурентност и иновации треба да ја зголеми својата функционалност преку поголем број состаноци, кои ќе им овозможат на сите засегнати страни поголема вклученост во процесот на зголемување на конкурентноста на македонската економија и поттикнување на иновациите.

**2.** Секторската работна група треба да подготвува и јавно да објавува годишни планови за работа, годишни извештаи од работењето, информации за составот на Секторската работна група, дневни редови на состаноците што се одржуваат, записници од состаноците, спроведени консултации со засегнатите страни итн. Локацијата на објавување на овие информации, во однос на тоа дали ќе биде на веб-страницата на Владата или на веб-страницата на Секретаријатот за европски прашања - СЕП, е аспект за кој треба да се постигне согласност помеѓу сите секторски работни групи и СЕП со цел да се овозможи унифициран пристап.

**3.** Со оглед на отсуството на преземените активности за вклучување на граѓанските организации во работата на секторската работна група, потребно е да се преземат мерки низ транспарентен процес за да се обезбеди нивното вклучување. Моделот на вклучување што ќе се примени се очекува да се утврди во новиот деловник за работа на СРГ што е во подготовка.

# КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ

- Деск-анализа на документи релевантни за секторската работна група
- Интервјуа со ИПА-координаторот и претставници на бизнис-заедницата членови на СРГ
- Добиени документи и одговори на доставени прашања врз основа на Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер
- Агенда за одржаниот состанок на СРГ на 9.3.2021 година
- Записник за одржаниот состанок на СРГ во 2021 година